**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ПРВ КВАРТАЛ, 2018 ГОДИНА

април 2018 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1,2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, речиси исто како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити на претпријатијата, слично како и во претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал на 2018 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови на корпоративните кредити, при очекувања за поголемо нето-зголемување на вкупната побарувачка во споредба со претходната анкета.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на вкупните кредитни услови за одобрување кредити, но послабо од претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: мало нето-намалување на побарувачката на вкупните кредити, наспроти умереното нето-зголемување во претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал на 2018 година: умерено нето-олеснување на вкупните кредитни услови, при натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменети кредитни услови за одобрување корпоративни кредити, како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити на претпријатијата, речиси исто како во претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал на 2018 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови на корпоративните кредити, при очекувања за поголемо нето-зголемување на вкупната побарувачка во споредба со претходната анкета.

---

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.
[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најдат на следнава врска: Временска серија по групи банки.

## Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на вкупните кредитни услови за одобрување кредити, но послабо во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити, но послабо во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал на 2018 година: натамошно нето-олеснување на вкупните кредитни услови, при нето-зголемување на побарувачката на кредити, но посилно од минатата анкета.

### *Мали банки*

## Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-заострување на кредитните услови за одобрување корпоративни кредити, слично како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на вкупните кредити на претпријатијата, наспроти нето-зголемувањето во минатата анкета.

- Очекувања за вториот квартал на 2018 година: натамошно нето-заострување на кредитните услови на вкупните корпоративни кредити, при нето-зголемување на побарувачката, но послабо во однос на очекувањата од претходната анкета.

## Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: непроменети кредитни услови за одобрување кредити на домаќинствата, како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити, но послабо во споредба со минатата анкетата.

- Очекувања за вториот квартал на 2018 година: натамошно умерено нето-олеснување на кредитните услови, при нето-зголемување на вкупната побарувачка, наспроти очекувањата за намалена побарувачка во минатата анкета.